Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

# ПРОТОКОЛ ЗА МЕЃУСЕКТОРСКА СОРАБОТКА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ДЕЦА НА УЛИЦА

**Скопје, 2022 година**

СОДРЖИНА

ВОВЕД....................................................................................................................3

I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ...................................................................................................5

1 . Клучни документи за развивање на протоколот.............................................5

1.1. Национална легислатива..................................................................................5

1.2 Меѓународни документи и конвенции ………...…………………………………………………. 6

2. Водечки принципи и нивна определба...............................................................8

3. Цел на Протоколот.................................................................................................9

II. ПОИМИ КОРИСТЕНИ ВО ОВОЈ ПРОТОКОЛ ..................................................10

III. ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ДЕЦА НА УЛИЦА ..................................................11

IV. ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА КОИ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЛИЦА ..................................................................................................... 11

4.1. Центар за социјална работа ................................................................ 11

4.2. Министерство за внатрешни работи............................................................ 13

4.3. Министерство за здравство........................................................................ 14

4.4. Министерство за образование и наука ...................................................... 14

4.5. Здруженија ...................................................................................................... 15

4.6. Единици на локалната самоуправа..................................................................16

# ВОВЕД

Во Република Северна Македонија сеуште е актуелен проблемот со децата на улица. Секојдневно сме сведоци на големиот број на деца на улица кои се присутни на улиците и во најнеповолните временски услови. Најчесто тие ги бришат ветробранските стакла на автомобилите, продаваат ситни предмети, питачат на булеварите и улиците каде што има голема фрекфенција на сообраќај, при што го доведуваат својот живот и животот на другите учесници во сообраќајот во опасност. Тие не ретко вршат и други работи, како што е собирање на старо железо, храна или стара облека од контејнерите за отпад или пак безделничат и скитаат.

Кога станува збор за појавата на деца на улица/улични деца во Република Северна Македонија и за определбата на поимот во тој контекст, може да се каже дека кај нас всушност постојат само *деца на улица.* Имено, повеќето истражувања и анализи покажаа дека во Република Северна Македонија не постојат во вистинска смисла на зборот улични деца, туку дека децата кои престојуваат на улица имаат домови и семејства, но економската состојба на семејствата е на многу ниско ниво и отсуствува родителска грижа и заштита. Повеќето семејства на овие деца примаат некаков вид парична помош од државата или од меѓународните организации. Најголемиот процент деца на улица во Република Северна Македонија се од ромска националност, а потоа следат децата од македонската, албанската, турската и другите националности. Најчести активности кај децата на улица во Република Северна Македонија се собирање предмети, вршење работни активности и друго, но понекогаш се присутни и питачењето, безделничењето, талкањето, па и вршењето на кражби, проституција и сл.

Децата кои питачат, скитаат и работат на улица се препознаени како деца на улица и согласно прописите од оваа област, влегуваат во категорија на деца во ризик. Децата на улица се секојдневно повеќекратно изложени на ризикот да станат жртви на различни видови злоупотреба или занемарување поради условите на живот, отсуството на родителска грижа, заштита и контрола, како и лесната достапност за потенцијалните сторители.

Евидентна е потребата од спроведување на координирана активност за помош, подршка и заштита на овие деца со цел правилен раст и развој. Соработката помеѓу институциите и нивните одговорности во однос на децата на улица беше регулирана со Мултидисциплинарен протокол за постапување (идентификување и упатување) со деца на улица/улични деца во Република Македонија од 2010 година.

Поради промени во националното законодавство кои предвидуваат нови форми и услуги за заштита, помош и поддршка на децата, се наметна потребата од креирање на нов Меѓусекторски протокол за постапување со децата на улица.

Од сето ова погоре наведено, се дава одговорот и за оправданоста за изработка на нов протокол. Имено, на прво место, овој протокол е оправдано да постои заради самите деца на улица на кои треба целосно и неодложно да им се помогне. Исто така, овој протокол е оправдано да постои и заради потребата од широка лепеза на постапки и мерки кои ќе им се понудат на стручните лица ширум земјава, а кои се во допир со целната група и на кои им е потребен унифициран, стандардизиран и единствен начин на постапување со овие деца.

Меѓусекторскиот протокол за постапување со деца на улица (во натамошниот текст: Протокол) е документ кој дава насоки за координирано постапување на сите надлежни институции и здруженија кои се вклучени во заштита, помош и поддршка на децата на улица и нивните семејства.

# I. ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ

## Клучни документи за развивање на протоколот

### 1.1. Национална легислатива

Како систем на организирани мерки и активности за грижа и заштитата на децата, примарно заштитата на децата се остварува со Уставот на Република Северна Македонија (член 42). Заштитата на сите деца како и на децата на улица е опфатена со низа закони и тоа:

1. Законот за семејство[1]
2. Закон за заштита на децата[2]
3. Закон за социјална заштита[3]
4. Закон за правда за децата[4]
5. Закон за основното образование[5]
6. Закон за средното образование[6]
7. Закон за матична евиденција[7]
8. Закон за матичен број[8]
9. Закон за спречување и заштита од дискриминација[9]
10. Закон за локална самоуправа[10]
11. Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа[11]
12. Закон за меѓуопштинска соработка[12]
13. Закон за здруженија и фондации[13]
14. Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство[14]
15. Закон за бесплатна правна помош[15]
16. Закон за неевидентирани лица во матична книга на родени[16]
17. Закон за здравствена заштита[17]

---

[1] Службен весник на Република Македонија бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14,115/14,104/15, 150/15, Службен весник на РСМ 53/21

[2] Службен весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, Службен весник на РСМ бр.104/19 , 146/19, 275/19, 311/20

[3] Службен весник на РСМ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22

[4] Службен весник на РМ" бр.148/13, и Службен весник на РСМ бр. 152/19 и бр. 275/19

[5] Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19 и 229/20

[6] Службен весник на Република Македонија бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997,82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007,81/2008, 92/2008, 33/2010,116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012,24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017,64/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.229/2020

[7] Службен весник на Република Македонија"бр. 8/95, 38/02, 66/07, 67/09, 13/13, 43/14, 148/15, 27/16 и 64/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 14/20

[8] Службен весник на Република Македонија бр. 137/13, бр. 55/16, Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 67/22

[9] Службен весник на Република Македонија бр.101/19

[10] Службен весник на РСМ бр. 5/2002

[11] Службен весник на РМ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11 и 192/15

[12] Службен весник на Република Македонија бр. 79/09

[13] Службен весник на РМ бр. 52/10, 135/11, 55/16

[14] Службен весник на РСМ бр. 24/21

[15] Службен весник на РСМ бр. 101/2019

[16] Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/2020 и 305/2020

18. Закон за здравствено осигурување[18]
19. Закон за полиција[19]
20. Кривичен законик[20]
21. Закон за кривичната постапка[21]
22. Закон за прекршоци[22]
23. Закон за прекршоците против јавниот ред и мир[23]

### 1.2. Меѓународни документи и конвенции

Република Северна Македонија се вбројува во земјите кои ги имаат ратификувано речиси сите главни договори за човекови права на меѓународно и европско ниво. Меѓу ратификуваните договори за човекови права е и Конвенцијата за правата на децата (20/11/1998) која во Северна Македонија стапи на сила на 17 септември 1991 година. Не помалку значајни во заштитата и грижата за децата се низата протоколи и други конвенции кои Република Северна Македонија ги има ратификувано.

Конвенцијата на ОН за правата на детето, најшироко ратификуваниот договор за човекови права во светот, е клучен обврзувачки инструмент кој ги вклучува граѓанските, политичките, економските, социјалните и културните права на децата. Република Северна Македонија, како држава наследничка на поранешната Социјалистичка Федеративна Република Југославија, на 2 декември 1993 година ја прифати ратификацијата на оваа конвенција.

Покрај Конвенција за правата на детето, Република Северна Македонија ги има ратификувано и следните меѓународни документи:

1. Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на продажба на деца, детска проституција и детска порнографија, усвоен на 25 мај 2000 1980[24]
2. Факултативен протокол кон Конвенцијата за правата на детето кој се однесува на вклучување на децата во вооружени конфликти, усвоен на 25 мај 2000 1980[25]
3. Конвенција за граѓанско - правните аспекти за меѓународно грабнување на деца, усвоена на 25 октомври 1980[26]
4. Европска конвенција за признавање и спроведување на одлуките кои се однесеуваат на старателството над децата и обновување на старателството над децата (ЕТС 105), усвоена на 20 мај 1980 [27]

---

[17] Службен весник на Република Македонија бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 4/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16

[18] Службен весник на Република Македонија бр. 25/00, 34/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 145/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16

[19] Службен Весник на РМ бр. 114/2006, 6/2009, 145/2012, 41/2014, 33/2015, 31/2016, 106/2016 и 120/2016

[20] Службен Весник на РМ бр. 37/96, 80/99, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17 и 248/18

[21] Службен Весник на РМ бр. 150/10 и бр.100/12

[22] Службен весник на Република С. Македонија бр. 96/2019

[23] Службен весник на Република Македонија бр.66/07 и 152/15

[24] Службен весник на Република Македонија бр.44/2003

[25] Службен весник на Република Македонија бр.44/2003

[26] Службен весник на Република Македонија бр.07/1991

5. Европска конвенција за законскиот статус на вонбрачните деца (ЕТС 085), усвоена на 15 октомври 1975 [28]
6. Европска конвенција за остварување на правата на децата (ЕТС 160) , усвоена на 03 април 2001[29]
7. Европска конвенција за посвојување на деца (ЕТС 058), усвоена на 03 април 2001[30]
8. Конвенција за заштита на децата и за соработка во областа на меѓународно посвојување, усвоена на 29 мај 1993[31]
9. Конвенција на Обединетите нации против транснацинионалниот организиран криминал и Протоколот за превенција, спречување и казнување на трговија со лица, особено жени и деца, со кој се дополнува Конвенцијата на Обединетите нации против транснацинионалниот организиран криминал и Протоколот против криумчарење на мигранти по копнен, воден или воздушен пат, со кој се дополнува Конвенцијата, усвоена на 15 ноември 2000[32]

[27] Службен весник на Република Македонија бр.12/2002
[28] Службен весник на Република Македонија бр.12/2002
[29] Службен весник на Република Македонија бр.12/2002
[30] Службен весник на Република Македонија бр.12/2002
[31] Службен весник на Република Македонија бр.103/2008
[32] Службен весник на Република Македонија бр.70/2004

**ВОДЕЧКИ ПРИНЦИПИ И НИВНА ОПРЕДЕЛБА**

- **право на живот, опстанок и развој**
- **недискриминација**
- **најдобар интерес на детето**
- **право на учество на детето**

**Право на детето на живот, опстанок и развој**

Република Северна Македонија го признава правото на живот на секое дете со самото раѓање и во најголема можна мерка овозможува опстанок и развој на детето.

Ова е појдовниот, најосновен принцип од кој произлегуваат сите други принципи кои се однесуваат како на сите деца, така и на децата на улица, а кој е содржан во Уставот на Република Северна Македонија и националната легислатива.

**Недискриминација и еднаквост на можностите**

Република Северна Македонија ги почитува и обезбедува правата содржани во Конвенцијата за правата на детето за секое дете под нејзина јурисдикција без било каква дискриминација и без оглед на расата, бојата на кожата, полот, јазикот, вероисповедта, политичкото или друго убедување, националното, етничкото или социјалното потекло, имотната состојба, онеспособеноста, потеклото или друг статус на детето или на неговиот родител или законски старател.

Република Северна Македонија ги презема сите потребни мерки за да се обезбеди заштита на детето од сите облици на дискриминација или казни засновани врз статусот, активностите, изразеното мислење или убедување на родителите, законските старатели или членовите на семејството на детето.

**Најдобриот интерес на детето**

Во сите активности кои се однесуваат на децата, од примарно значење се интересите на детето, без оглед на тоа дали ги спроведуваат јавните или приватните институции за социјална заштита, судовите, административните органи или законодавните тела.

Република Северна Македонија се обврзува на детето да му обезбеди таква заштита и грижа кои се неопходни за неговата благосостојба, земајќи ги во вид правата и обврските на неговите родители, законските старатели или на други поединци кои се правно одговорни за детето и за таа цел ги преземаат сите потребни законодавни мерки.

**Право на учество на детето**

На детето кое е способно да формира свое сопствено мислење му се обезбедува право на сопствено мислење, право на слободно изразување на тоа мислење за сите прашања кои се однесуваат на детето, со тоа што на неговото мислење се посветува должно внимание во согласност со годините на животот и зрелоста на детето.

За таа цел, на детето посебно му се дава прилика да биде сослушано во сите судски и административни постапки кои се однесуваат на него, било непосредно или преку

застапникот или соодветен орган, на начин кој е во согласност со процедуралните правила на националниот закон.

Детето има право на слобода на изразување која ја опфаќа и слободата да бара, да прима и да дава информации и идеи од сите видови, без оглед на границите, било усмено или писмено или преку печатот, уметноста или некој друг медиум по избор на детето.

**ЦЕЛ НА ПРОТОКОЛОТ**

**Унапредување на начинот на постапување со децата на улица, преку унифициран, мултидисциплинарен и меѓусекторски пристап заради обезбедување помош, поддршка и заштита на децата и нивно вклучување во општеството за остварување на најдобриот интерес на детето.**

## II. ПОИМИ КОРИСТЕНИ ВО ОВОЈ ПРОТОКОЛ

Поимот *улични деца/деца на улица* не е точно определен ниту во домашната ниту во светската литература. Генерално под овој поим се подразбираат малолетни лица на возраст од 0-18 години кои егзистираат на улица и кои се лишени од семејна грижа.

Според определбите на УНИЦЕФ, овој поим се дели во две основни поткатегории :

***Деца на улица*** – деца кои најголемиот дел од времето го поминуваат на улица иако имаат свои семејства и домови. Најчестата причина за тоа е отсуството на родителска грижа, но и лошите социо-економски услови на нивните семејства. Нивното поведение најчесто се сведува на социјално пермисивно собирање отпадни суровини и разни предмети; вршење разни работни услуги; препродавање, но нертко поведението добива и асоцијално и непермисивно значење, питачење, безделничење, а понекогаш нивното поведение е и антисоцијално и престапно вршење на кражби, проституирање, користење дроги и психотропни супстанции итн.

***Улични деца*** – деца кои буквално живеат на улица (или надвор од нормална семејна средина) постојано. Кај овие деца отсуствува родителска грижа и заштита, без разлика дали тие го напуштиле домот/родителите/старателите или пак родителите/старателите ги напуштиле нив. Понекогаш може да постојат семејни врски, но тие се многу слаби, повремени и незначителни во поглед на потребите на детето за грижа и заштита. Најчесто тие питачат или пребаруваат по контејнери за да преживеат, а неретко вршат и различни видови работни активности. Понекогаш и кај овие деца се среќаваат асоцијални или пак антисоцијални поведенија затоа што кај нив ризикот на егзистенцијата е уште поголем.

Во Закон за правда за децата определено е заначењето на следните поими:

***Дете во ризик*** е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено

остварувањето на воспитната функција на родителите/или/от, односно старателите/или/от, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело.

**Дете жртва** е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело.

## III. ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ДЕЦА НА УЛИЦА

### Пријавување на случаи на деца на улица

Пријава за дете на улица се поднесува во најблиската полициска станица или на број 192 или во надлежниот центар за социјална работа.

Надлежниот орган што го примил пријавата треба да собере основни информации за состојбата во која е забележано детето, и тоа:

1) местото, односно адресата на која е забележано детето;
2) возраста на детето и состојбата на детето - како изгледа детето, опис на облеката и чевлите што ги носи и други карактеристики и специфики поврзани со изгледот на детето;
3) однесување и околности во кои детето било затекнато;
4) дали детето е само или во присуство на возрасно лице;
5) други околности за кои смета дека можат да бидат важни за оцена на понатамошното постапување.

## IV. ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА КОИ СЕ ВКЛУЧЕНИ ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЛИЦА

### 4.1. Центар за социјална работа

Центарот за социјална работа, својата стручна работа за мапирање и идентификување на деца на улица ја реализира:

- преку теренска работа;
- по пријава од надлежни институции, организации или граѓани.

***Мапирање и идентификување на деца на улица преку теренска работа***

Во насока на планско и координирано постапување на надлежните институции, центарот за социјална работа и секторот за внатрешни работи реализираат активности врз основа на претходно изготвен план и во истиот се дефинираат активности на сите лица (центарот за социјална работа и полициските службеници од секторот за внатрешни работи) што ќе постапуваат по планот, се определува времето и местото на постапување.

Теренската работа како составен дел од работата на стручниот тим од центарот за социјална работа, придонесува за полесно мапирање и евидентирање на децата на улица. За таа цел, центарот за социјална работа може да формира мобилен тим.

*Мапирање и идентификување на деца на улица по пријава од надлежни институции, организации или поединци*

Секоја институција, организација или граѓанин може да пријави во центарот за социјална работа дете на улица. Известувањето се заведува во Регистарот за примени известувања за деца во ризик и се отвора предмет за детето.

***Постапување на стручен работник/водител на случај***:

- Кога е познат идентитетот на детето и неговите родители, центарот за социјална работа прави првична проценка за утврдување на фактичката состојба во семејството, степенот на ризик на враќање на детето во семејството и причините поради кои детето се наоѓа на улица.
- Кога не е познат идентитетот на детето и неговите родители, стручен работник/водител на случај заедно со надлежен полициски службеник преземаат дејствија за утврдување на нивниот идентитет. Доколку родителите не се обезбедат, центарот за социјална работа превзема мерки за згрижување на детето.
- Доколку е загрозено здравјето и животот на детето и има потреба од здравствена услуга, стручен работник/водител на случај го придружува детето до соодветната здравствена установа.
- По спроведена детална проценка на потребите, ризиците и потенцијалите на детето се изготвува Индивидуален план со дефинирани активности, рок, динамика и извршители. Се одредуваат приоритетни активности за заштита на детето и зајакнување на потенцијалите на семејството преку помош и поддршка во остварување на права и услуги од областа на социјалната и детска заштита.
- Индивидуалниот план содржи мерки и активности кои се реализираат во соработка со други институции и организации во зависност од конкретниот случај (Агенција за вработување на РСМ, здравствени и образовни институции, здруженија и др.).
- Центарот за социјална работа соработува со образовните институции за вклучување на детето во образовниот процес.
- Стручен работник/водител на случај прави евалуација и ревизија на Индивидуалниот план, преку утврдување на степенот на реализација на планираните активности и се преземаат други дејствија во насока на дополнување/менување на планот.

### 4.2. Министерство за внатрешни работи

По примена пријава (телефонска, писмена или непосредно поднесена во полициска станица) за дете на улица кое пита на јавно место, мерки и активности преземаат полициските службеници кои се посебно оспособени за работи на сузбивање на малолетничката деликвенција согласно Закон за кривична постапка, Закон за правда за децата и Закон за полиција.

При извршувањето на службените должности доколку полицискиот службеник затекне дете на улица, истиот е должен да преземе соодветни активности и мерки за отстранување на детето од улица:

- Во случаи кога од страна на полициски службеник на јавно место ќе биде затекнато дете да пита, се јавува во надлежната ПС ОН ( полициска станица од општа надлежност) и ги известува дежурниот полициски службеник и полицискиот службеник за прифат – сменоводител кој веднаш го известува инспекторот за

малолетничка деликвенција, односно полициски службеник од крим полиција со цел преземање на потребни мерки и активности согласно закон.

- Полицискиот службеник од крим полиција/инспекторот за малолетничка деликвенција излегува на лице место со цивилен автомобил и утврдува дали детето е на лице место, дали детето е само или во присуство на возрасно лице и дали детето е во ризик.
- Полицискиот службеник од крим полиција/инспекторот за малолетничка деликвенција го идентификува детето, го контактира родителот и го известува центарот за социјална работа.
- Разговорот се води во посебни простории соодветни за разговор со дете.
- Полицискиот службеник од крим полиција/инспекторот за малолетничка деликвенција повикува адвокат во ситуации утврдени со Законот за правда за децата.

Во насока на планско и координирано постапување на надлежните институции, секторот за внатрешни работи и центарот за социјална работа реализираат активности врз основа на претходно изготвен план и во истиот се дефинираат активности на сите лица (центарот за социјална работа и полициските службеници од Сектор за внатрешни работи) што ќе постапуваат по планот, се определува времето и местото на постапување.

Првиот контакт со детето, по излегувањето на терен, треба да овозможи првична проценка на состојбата на детето и други околности релевантни за обезбедување заштита на детето во соработка со стручни лица од надлежните институции.

Кога полициски службеник ќе забележи дека детето има повреди или е во лоша здравствена состојба, ја известува итната служба, како и надлежниот центар за социјална работа. Стручно лице од центар за социјална работа и полициски службеник го придружуваат детето при прегледот.

По преземените дејствија, доколку постојат основи на сомневање дека е извршено кривично дело за кое се гони по службена должност, се изготвува соодветен поднесок (кривична пријава или известување) и се доставува до надлежното основно јавно обвинителство.

### 4.3. Министерство за здравство

Здравствените работници во здравствените установи соработуваат со стручните лица во центарот за социјална работа и полициските службеници заради обезбедување на навремена и ефикасна здравствена заштита на децата на улица. Здравствените работници веднаш даваат здравствена услуга на детето кое е придружувано од страна на стручните лица во центарот за социјална работа и полициските службеници, зависно од неговата здравствена состојба.

За секое дете на улица придружувано од стручно лице од центар за социјална работа / полициски службеници, здравствените работници даваат соодветна здравствена услуга, изготвуваат медицински извештај и го доставуваат до центар за социјална работа / полициски службеници.

Здравствените работници врз основа на Програма за обезбедување на здравстена заштита на категорија на граѓани кои не можат по ниедна основа да бидат осигурени, обезбедува здравствена заштита и грижа за децата на улица (систематски прегледи, преглед на забите, отворање на картон за имунизација и спроведување на истата, лекување на болести и упатување во установи за секундарна и терцијарна заштита).

### 4.4. Министерство за образование и наука и образовните институции

Секое дете има право на бесплатно и квалитетно воспитание и образование во основно и средно училиште. Основното и средното образование се задолжителни.

Доколку детето не е запишано во училиште, основното училиште е должно да го извести овластениот просветен инспектор на општината или државнот просветен инспектор во општините каде нема овластен просветен инспектор за децата кои не се запишани во прво одделение до 20 јуни во тековната година.

Образовните институции соработуваат со центарот за социјална работа за вклучување на децата на улица во образовниот процес. Без разлика на тоа дали детето има или нема документи за идентификација (или е започната постапка за нивно вадење), детето се запишува во образовна институција согласно со неговата возраст и индивидуалните потреби.

По запишувањето во училиште, следењето на детето го презема стручната служба во училиштето согласно Законот за основно образование, која соработува со надлежниот центар за социјална работа и го известува за состојбата на детето, неговото поведение во училиштето, успехот итн.  Доколку детето е запишано во училиште, но не оди редовно, основното училиште е должно да го извести овластениот просветен инспектор на општината или државниот просветен инспектор во општините каде нема овластен просветен инспектор за децата за учениците кои неоправдано не го посетуваат основното училиште повеќе од еден месец, во рок од три работни дена од истекот на месецот. Домашна посета на семејствата на учениците се прави за учениците кои неоправдано не го посетуваат основното училиште повеќе од еден месец.

Доколку се добијат сознанија дека детето времето го поминува на улица во питачење и слични активности, веднаш се известува надлежниот центар за социјална работа.

За децата на улица кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница се изготвуваат прилагодени наставни програми со кои ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение на основно образование.

За поддршка на децата на улица од ромска етничка припадност кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем можат да се искористат ресурсите на образовните медијатори за учениците.

### 4.5. Здруженија

Во однос на идентификација на децата на улица, здруженијата доколку забележат дете во својата околина за кое се верува дека е дете на улица, веднаш треба да ја известат полицијата на број 192, најблиската полициска станица или најблискиот центар за социјална работа.

Здруженијата можат да превземат активности во однос на мапирање и идентификација, истражување, кампањи и подршка на децата на улица и нивните семејства самостојно или во соработка со други институции.

Добиените сознанија може да ги достават до надлежните институции.

Здруженијата можат да даваат услуги на начин и под услови утврдени со закон.

### 4.6. Единиците на локална самоуправа

Единиците на локалната самоуправа го известуваат надлежниот центар за социјална работа во случај на појава на деца на улица на својата територија, како преку своите редовни активности, така и преку планирани акции за идентификација.

Во секоја единица на локална самоуправа се формира општински совет за социјална заштита, во кој членуваат претставници од сите релевантни институции и здруженија. Советот изготвува социјален план за подрачјето на општината, кој содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината вклучувајќи ги и децата на улица.

Градоначалникот, врз основа на социјалниот план, изготвува годишна програма за социјалната заштита, која ја донесува Советот на општината.

Врз основа на годишните програми за социјална заштита на општините и мислењето на планските региони, Министерството за труд и социјална политика ги планира мерките, активностите, потребите и условите за доделување на средства за општините за развивање на социјални услуги за децата на улица.

Единиците на локалната самоуправа превземаат мерки за поддршка на децата на улица за редовно присуство во предучилишното воспитание и образовниот процес.